Република Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 8**

**03.05.2012**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година за I-квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година за I-квартал донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 27.04.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 329/1** **Општина Демир Хисар**
**03.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

**401.** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.04.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година за I-квартал**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година за I-квартал.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-306/3** **Совет на Општина Демир Хисар**
**27.04.2012 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година**

1.Ја објавувам Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 27.04.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 329/2** **Општина Демир Хисар**
**03.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

402. Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 34 од Законот за Буџетите (Службен весник на општина Демир Хисар бр. 64/05, 4/08 година), Советот на ЕЛС Демир Хисар на седницата одржана на 27.04.2012 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За проширување на средствата во Буџетот општина Демир Хисар за 2012 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2012 година и тоа на следниот начин :

| Се зголемуваат приходите на следните Потставка | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| 723119 Други помошни активности во образованието | 0 | 160,000 | 0 | 0 | 0 |
| | **0** | **160,000** | **0** | **0** | **0** |
| **И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки:** | | | | | |
| N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | |
| 424210 одржување на згради | 0 | 80.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424440 поправка и одржување на друга опрема | | 80.000 | | | |
| | 0 | **160.000** | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012 година.

Бр.07-306/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
27.04.2012год. ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Демир Хисар** *Љупчо Ангелески с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за наследени и направени обврски на општина Демир Хисар за период 2009-2011 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за наследени и направени обврски на општина Демир Хисар за период од 2009-2011 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 27.04.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 329/3** **Општина Демир Хисар**
**03.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

**403.** Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02ч 4/05 и 7/09 Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.04.2012 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата за наследени и направени обврски на Општина Демир Хисар за период од 2009-2011 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за наследени и направени обврски на Општина Демир Хисар за период од 2009-2011 година поднесена од Одделението на финансиски прашања при Општина Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-306/5** **Совет на Општина Демир Хисар**
**27.04.2012 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за статусот на недвижниот имот сопственост на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за статусот на недвижниот имот сопственост на Општина Демир Хисар донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 27.04.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 329/4** **Општина Демир Хисар**
**03.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

**404.** Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02ч 4/05 и 7/09 Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.04.2012 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата за статусот на недвижниот имот сопственост на Општина Демир Хисар**

1.СЕ УСВОЈУВА Информација за статусот на недвижниот имот сопственост на општина Демир Хисар со следните предлози:

1.1.Општина Демир Хисар со сите кои имаат склучено Договор за закуп согласно Одлуката бр. 07-821/5 од 28.01.2005 година да направи анекс кон договорот и да ги прилагоди цените согласно новата одлука бр.07-913/3 од 16.12.2011 година .

1.2.Сите кои имаат договор за закуп со општина Демир Хисар, а не ја плаќаат закупнината општината писмено да ги извести и да определи рок до кога истата ќе биде подмирена во спротивно корисниците да го напуштат просторот и да се раскинат договорите.

1.3. Се задолжува Комисијата формирана за вршење на проценка на вложени средсва во објектите кој се под закуп да изврши проценка во објектот во Демир Хисар кај закупецот Кире Ивановски колку има вложено и да утврди за кој износ ќе биде ослободен од плаќање закупнина и за кој период.

1.4. Сите кои имаат случено договор за закуп согласно последното наддавање на објектите, за наредна седница да се информира Советот дали истите имаат почнато со плаќање закупнина.

1.5. Сите кои имаа учествувано во наддавањето на последниот оглас, а општината сеуште нема склучено договор за закуп во рок од 7 (седум) дена од денот на одржување на седницата да се склучи договор за закуп.

1.6. За оние објекти каде се склучува договор за закуп, а се ослободени од закупнина согласно Одлуката комисијата да направи контрола дали закупецот го одржува одржува објектот.

1.7. Откупувачите на тутун кој објектите ги користат периодично само за времето на откупот, договори за закуп да склучуваат со општината и закупнината да биде плаќана на општината, а не на месните задници.

2. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-306/6** **Совет на Општина Демир Хисар**
**27.04.2012 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Иницијативата за измени и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Иницијативата за измени и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 27.04.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 329/5** **Општина Демир Хисар**
**03.05.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

**405.** Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02ч 4/05 и 7/09 Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.04.2012 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Иницијативата за измени и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија**

**1.СЕ УСВОЈУВА** Иницијативата за измени и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија поднесена од жителите на Мало Церско, Големо Црско, Цер и Просрање.

2. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-306/7** **Совет на Општина Демир Хисар**
**27.04.2012 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

**-----------------------------------------------------------------**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година I квартал ---------------------------------1
2. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2012 година-----------1-2
3. Заклучок за усвојување на Информацијата за наследени и направени обврски на Општина Демир Хисар за период 2009-2011 година---------------2
4. Заклучок за усвојување на Информацијата за статусот на недвижниот имот сопстевност на Општина Демир Хисар----------------------------------------------------3
5. Заклучок за усвојување на Иницијативата за измени и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија--3-4

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Тони Ангелевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**